Училиштето претставува не само институција, туку и втор дом за нашите ученици, наставници и вработени. Тука, тие се чувствуваат безбедно, сигурно, прифатено, опкружени со љубов и поддршка, но и свесност и одговорност за личниот придонес во работата на училиштето. Се стремиме да ги овозможиме сите услови за остварување на интересите, желбите и потенцијалот на сите ученици, за тие да можат да напредуваат во својот индивидуален развој.

**Мото:** ***Со современа настава, градиме успешна иднина!***

**Лого:**

***- Визија:***

***СО ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНА ТЕХНОЛОГИЈА И ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА, А ВО ЧЕКОР СО НОВИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ТЕКОВИ, СЕ СТРЕМИМЕ ДА СОЗДАДЕМЕ МОЖНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА СИТЕ УЧЕНИЦИ***

Откривањето на афинитетите и потенцијалите на нашите ученици и нивна реализација е наша цел. Сакаме да имаме училиште кое е современо, користејќи најсовремени методи и средства во стекнувањето на квалитетни знаења, нови пристапи во наставата, училиште во кое наставниците, континуирано работат на надградување на своите технолошки вештини, а со тоа придонесуваме за препознавање и искористување на можностите и капацитетите кај учениците и нивна успешна реализација. Создаваме ученици кои се во чекор со современите текови.

## 6. Веќе научено/стекнато искуство

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците. За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од:

- анализи и заклучоци од спроведени самоевалуации за работата на училиштето;
- одлуки и препораки од Училиштниот одбор и Советот на родители;
- анализи и искуства од работењето на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи;
- искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми;
- стекнати знаења од посетени обуки, семинари и работилници;
- знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата;
- придобивки од користење и почитување на правилници за работа и однесување на сите целни групи како и критериуми, стандарди на оценување на постигањата на учениците;
- продобивки од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и вонпаставните активности.

## *7. Подрачја на промени, приоритети и цели*

Врз основа на Развојниот план и самоевалуацијата на училиштето во учебната 2025/2026 година ќе се реализираат две стратешки цели и со истите ќе настојуваме да ја исполниме поставената визија на училиштето. Тие се во тесна врска со потребите и интересите на учениците и наставниците, а во склад со реалните можности на училиштето.

| ***Стратешка цел 1:*** **Да се зајакне соработката помеѓу наставниците и да се мотивираат поголем број ученици за активно вклучување во реализација на отворени интегрирани часови** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Развојна цел 1.1:*** **Унапредување на соработката меѓу наставниците, преку корелација и интеграција на наставните содржини** | | | | | | |
| ***Активност*** | ***Индикатори за успех*** | ***Реализатори*** | ***Временска рамка за имплемен-тација*** | ***Потребни ресурси*** | ***Тим за следење за реализација на активностите*** | ***Инструмен ти/извори на информации за следење на индикаторите*** |
| Определување на наставни содржини, интересни за реализација на интегрирани часови | Успешно планирани 8 интегрирани наставни часови | Наставници од одделенска и предметна настава Ученици од II до IX одделение | Август 2025 Август 2026 | Наставни програми | Директор Стручна служба | Записници од одржани состаноци на ниво на стручни активи |
| Подготовка за реализација на отворени интегрирани часови | Изготвени дневни планирања / сценарија за отворени интегрирани часови | Наставници од одделенска и предметна настава Ученици од II до IX одделение | Септември – октомври 2025<br><br>Септември – октомври 2026 | Годишни, тематски, дневни оперативни планирања / сценарија, презентации, проекти, квизови, работилници | Директор Стручна служба | Записници и анкети за ученици |
| Реализација на отворени | Реализирани 8 интегрирани | Наставници од одделенска и | Ноември – јуни 2025 - 2026 | Компјутер, Интернет, | Директор Стручна служба | Инструмент за следење на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| интегрирани часови (покана на надворешни предавачи, стручни лица за соодветните теми) | отворени часови и зголемен број на мотивирани наставници | предметна настава Ученици од II до IX одделение Надворешни предавачи, стручни лица | Ноември – јуни 2026 – 2027 | хартија, флип чарт, електронска табла, хартија во боја, ученички прибор, специфични нагледни средства | | отворен нагледен час Список за присуство |
| ***Развојна цел 1.2:* Создавање трајни и применливи знаења кај учениците преку нивно активно учетсво во отворени интегрирани часови** | | | | | | |
| ***Активност*** | ***Индикатори за успех*** | ***Реализатори*** | ***Временска рамка за имплемен-тација*** | ***Потребни ресурси*** | ***Тим за следење за реализација на активностите*** | ***Инструмен ти/извори на информации за следење на индикаторите*** |
| Анкета на ученици за одредување на интересите за реализација на интегрирани часови | Одредени теми кои произлегуваат од интересот на учениците | Ученици од II до IX одделение Наставници | Септемврти – октомври 2025<br><br>Септември – октомври 2026 | Хартија, печатач, тонер | Наставници од предметна и одделенска настава | Анкетни прашалници |
| Истражувања, презентации и проекти изработени од страна на учениците во реализацијата на интегрираните часови | Изготвени истражувања, презентации и проекти од мотивирани ученици | Ученици од II до IX одделение | Ноември – јуни 2025 – 2026<br><br>Ноември – јуни 2026 – 2027 | Хартија, компјутер, Интернет, енциклопедии, училишна библиотека | Наставници од одделенска и предметна настава | Записници од состаноци на тимовите ученици |

| ***Стратешка цел 3:*** **Зголемување на интересот за читање преку подобрување на просторните и естетските капацитети на библиотеката** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Развојна цел 3.1:*** **Надградба и опремување на просторот наменет за библиотека** | | | | | | |
| ***Активност*** | ***Индикатори за успех*** | ***Реализатори*** | ***Временска рамка за имплемен-тација*** | ***Потребни ресурси*** | ***Тим за следење за реализација на активностите*** | ***Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите*** |
| Планирање и определување на нов простор наменет за библиотека | Избран адекватен простор за библиотека | Училишен библиотекар<br>Наставници од одделенска и предметна настава, ученици | Август – октомври 2025 | Простор, техничка служба, средства за хигиена | Директор<br>Стручна служба | Записници од одржани состаноци<br>Градежен проект на училиштето |
| Опремување на просторот со соодветен инвентар | Современо опремен простор на библиотеката | Училишен библиотекар<br>Наставници од одделенска и предметна настава, Ученици | Август 2025 – август 2027 | Полици, рафтови, масички, столчиња, проектор, „лејзи бегс“ светилки | Директор<br>Стручна служба | Финансиски извештаи, фактури |
| Отворање на новата библиотека / ставање во употреба | Успешно ставена во употреба новата библиотека | Училишен библиотекар<br>Наставници од одделенска и предметна настава, ученици | Учебна 2026/2027 | Озвучување<br>Поканет писател | Директор<br>Стручна служба | Записник од реализираната активност фотографии |
| ***Развојна цел 3.2:*** **Организирање на активности за зголемена посетеност на библиотеката и нејзина промоција** | | | | | | |
| ***Активност*** | ***Индикатори за успех*** | ***Реализатори*** | ***Временска рамка за имплемен-тација*** | ***Потребни ресурси*** | ***Тим за следење за реализација на активностите*** | ***Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите*** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на читачки работилници со покана на писатели | Организирани 4 работилници за литературно читање со посета на писател | Училишен библиотекар ученици и наставници Писател | Февруари 2026 – јуни 2029 | Хартија во боја, печатач, тонер, книги | Директор Стручна служба | Фотографии Список за присуство Записник |
| Распишување на литературни конкурси, прогласување на наградени творби | Распишани 3 литературни конкурси | Училишен библиотекар, ученици и наставници | Февруари 2026 – јуни 2029 | Дипломи, признанија, книги | Директор Стручна служба | Извештај од реализираната активност |
| Проекција на екранизирани лектирни изданија | Видео проекции на лектири | Училишен библиотекар, ученици и наставници | Февруари 2026 – јуни 2029 | ЛЦД Проектор | Директор Стручна служба | Фотографии |

***- Одговорни за следење***

Текот на реализацијата на задачите од сите развојни цели ќе биде следен од страна на директорот, педагошко-психолошката служба, одговорните наставници, ученици и родители.

***- Инструменти***

За евалуација на акциските планови ќе се користат следниве инструменти: записници, анкети, инструменти за следење на час, фотографии, извештаи и слично.

## *8. Програми и организација на работата во училиштето*

***- Календар за организација и работа на училиштето***

ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес својата работа ќе ја реализира според календарот за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година кој го донесува Министерот за образование и наука и истиот го објавува во Службен весник.

| **СЕДМИЦА** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **15** | **16** | **17** | **18** | **19** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2025/2026** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **работни денови** | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | декември | | | | | **вк** |
| **Понеделник** | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | **16** |
| **Вторник** | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **18** |
| **Среда** | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | | **17** |
| **Четврток** | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | **16** |
| **Петок** | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | **17** |
| **Вкупно денови** | **21** | | | | | **22** | | | | | **20** | | | | **22** | | | | | **84** |

| **СЕДМИЦА** | **20** | **21** | **22** | **23** | **24** | **25** | **26** | **27** | **28** | **29** | **30** | **31** | **32** | **33** | **34** | **35** | **36** | **37** | **38** | **39** | **40** | **41** | **42** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2025/2026** | **II полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **работни денови** | јануари | | Февруари | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | **вк** |
| **Понеделник** | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | **17** |
| **Вторник** | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | **21** |
| **Среда** | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | **21** |
| **Четврток** | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | | **20** |
| **Петок** | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | | **17** |
| **Вкупно денови** | **9** | | **20** | | | | **21** | | | | | **20** | | | | | **19** | | | | | **7** | | **96** |

| | |
|---|---|
| понеделници | 33 |
| вторници | 39 |
| среди | 38 |
| четвртоци | 36 |
| петоци | 34 |
| Вкупно | 180 |

**Неработни денови во учебната 2025/2026 - државни празници за граѓани од православна вероисповест**

- 8 Септември (понеделник) – Ден на независноста на РСМ
- 11 Октомври (сабота) – Ден  на народното востание
- 23 Октомври (четврток) - Ден на Македонската Револуционерна Борба
- 8 Декември (понеделник) – Св. Климент Охридски
- 1 Јануари (четврток) – Нова Година – распуст
- 6 Јануари (вторник) – Бадник – распуст
- 7 Јануари (среда) – Божиќ – распуст
- 19 Јануари (понеделник) – Богојавление (Водици) – распуст
- 20 март (петок) – Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам;
- 10 април (петок) - Велики Петок
- 13 април (понеделник) – Втор ден Велигден
- 1 Мај (петок) – Ден  на трудот
- 24 Мај (недела) – Св. Кирил и Методиј
- 25 Мај (понеделник) – Св. Кирил и Методиј

***- Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часови***

**Листа на раководители на паралелки по одделенија**

| Реден број | Име и презиме на раководител | Одделение | Реден број | Име и презиме на раководител | Одделение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Тања Ѓорѓиева | Iа | 16. | Павлина Карова | VIа |
| 2. | Мирјана Стојанова | Iб | 17. | Павлина Харалампиева | VIб |
| 3. | Костадинка Стојановска | Iв | 18. | Мимоза Тодоровска | VIв |
| 4. | Вилма Дервишова | IIа | 19. | Емилија Темелковска | VIIа |
| 5. | Јован Јовановски | IIб | 20. | Анита Мирчева | VIIб |
| 6. | Сузана Павловска | IIв | 21. | Снежана Каракачанова | VIIв |
| 7. | Биљана Личовска | IIIа | 22. | Илчо Стојановски | VIIIа |
| 8. | Сања Ников | IIIб | 23. | Ирена Андреева | VIIIб |
| 9. | Надица К.Милевска | IIIв | 24. | Оливера Пановска | VIIIв |
| 10. | Лидија Ѓорѓиева | IVа | 25. | Родне Петрушева | IXа |
| 11. | Јелена Тодевска | IVб | 26. | Мелита Неделчева | IXб |
| 12. | Снежана Стојановиќ | IVв | 27. | Стојна Тодоровска | IXв |
| 13. | Панче Бочваров | Vа | 28. | Василка Малинова | I и III |
| 14. | Слаѓана Рогужарова | Vб | 29. | Сања С.Давчева | II |
| 15. | Марјанчо Филипов | Vв | 30. | Цева Мухаремовиќ | IV и V |

**Поделба на часовите на наставниот кадар во одделенска настава**

| Одделение | Име и презиме на наставник | Македонски јазик | | Математика | | Англиски јазик | | Природни нуки | | Општество | | Историја и општество | | Техничко образование и иформатика | | Музичко образование | | Ликовно образование | | Физичко и здравствено образование | | Слободни изборни предмети | | Час на одделенската заедница | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** |
| **Ia** | Тања Ѓорѓиева | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | / | / | 20 | 720 |
| **Iб** | Мирјана Стојанова | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | / | / | 20 | 720 |
| **Iв** | Костадинка Стојановска | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | / | / | 20 | 720 |
| **IIa** | Вилма Дервишова | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IIб** | Јован Јовановски | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IIв** | Сузана Павловска | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IIIa** | Биљана Личовска | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IIIб** | Сања Ников | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IIIв** | Надица К.Милевска | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IVa** | Лидија Ѓорѓиева | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 23 | 828 |
| **IVб** | Јелена Тодевска | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 23 | 828 |
| **IVв** | Снежана Стојановиќ | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 23 | 828 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Va** | Панче Бочваров | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 22 | 792 |
| **Vб** | Слаѓана Рогужарова | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 22 | 792 |
| **Vв** | Марјанчо Филипов | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 22 | 792 |

**Поделба на часовите на наставниот кадар во одделенска настава во ПУ с.Црквино**

| **Одделение** | **Име и презиме на наставник** | **Македонски јазик** | | **Математика** | | **Англиски јазик** | | **Природни науки** | | **Општество** | | **Историја и општество** | | **Техничко образование и иформатика** | | **Музичко образование** | | **Ликовно образование** | | **Физичко и здравствено образование** | | **Слободни изборни предмети** | | **Час на одделенската заедница** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** | **Н** | **Г** |
| **I** | Василка Малинова | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | / | / | 20 | 720 |
| **II** | Сања С.Давчева | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **III** | Василка Малинова | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | / | / | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 21 | 756 |
| **IV** | Џева Мухаремовиќ | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 23 | 828 |
| **V** | Џева Мухаремовиќ | 5 | 180 | 5 | 180 | / | / | 2 | 72 | / | / | 2 | 72 | / | / | 1 | 36 | 1 | 36 | 3 | 108 | 2 | 72 | 1 | 36 | 22 | 792 |

**Поделба на часовите на наставниот кадар во предметна настава**

| Реден број | Име и презиме на наставникот | Наставен предмет | Одделение | Задолжителни часови | Одделенско раководство | Изборни часови | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Анита Мирчева | Македонски јазик | VIIа,б,в 3x4=12<br>VIIIа,б 2x4=8 | 20 | 1 | / | 21 |
| 2. | Стојна Тодоровска | Македонски јазик | VIа,б,в 3x4=12<br>IXа,в 2x4=8 | 20 | 1 | 3 часа библиотека | 24 |
| 3. | Гордана Белчовска | Македонски јазик<br>СИП 1 и СИП 2 | VIIIв 1x4=4<br>IXб 1x4=4<br>VIII одд. 1гр.x2=2 | 8 | / | 13 часа библиотека,<br>2 | 23 |
| 4. | Ирена Андреева | Англиски јазик | VIIIа,б,в 3x3=9<br>IXа,б,в 3x3=9<br>IIв 1x2=2 | 20 | 1 | / | 21 |
| 5. | Павлина Харалампиева | Англиски јазик | VIа,б,в 3x3=9<br>VIIа,б,в 3x3=9<br>IIб 1x2=2 | 20 | 1 | / | 21 |
| 6. | Марија Арсовска | Англиски јазик | IVа,б,в 3x3=9<br>Vа,б,в 3x3=9<br>IIIа 1x2=2 | 20 | / | / | 20 |
| 7. | Марија Славевска | Англиски јазик | Iа,б,в 3x2=6<br>IIа 1x2=2<br>IIIб,в 2x2=4<br>с.Црквино 2+2+3=7 | 19 | / | 4 часа библиотека | 23 |
| 8. | Мимоза Тодоровска | Француски јазик | VIа,б,в 3x2=6<br>VIIа,б,в 3x2=6<br>VIIIа,б,в 3x2=6<br>IXа,б,в 3x2=6 | 12 | 1 | 12 | 25 |
| 9. | Вера Цветкова | Математика | VIа,в 2x5=10<br>VIIIа,б,в 3x4=12 | 22 | / | / | 22 |
| 10. | Мелита Неделчева | Математика | VIIб,в 2x4=8<br>IXа,б,в 3x4=12 | 20 | 1 | / | 21 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Христина Цилакова | Математика | VIб 1x5=5<br>VIIa 1x4=4 | 9 | / | / | 9 |
| 12. | Христина Цилакова | Физика | VIIa,б,в 3x1=3<br>VIIIa,б,в 3x2=6<br>IXa,б,в 3x2=6 | 15 | / | / | 15 |
| 13. | ЕмилијаТемелковска | Хемија<br><br>Природни науки | VIIa,б,в 3x1=3<br>VIIIa,б,в 3x2=6<br>IXa,б,в 3x2=6<br><br>VIв 3x1=3<br>с.Црквино 1x2=2 | 20 | 1 | / | 21 |
| 14. | Павлина Карова | Биологија<br><br>Природни науки | VIIa,б,в 3x2=6<br>VIIIa,б,в 3x2=6<br>IXa,б,в 3x2=6<br><br>VIa 3x1=3 | 21 | 1 | / | 22 |
| 15. | Наставник за итни и неодложни работи | Природни науки | Va,б,в 3x2=6<br>VIб 3x1=3 | 9 | / | / | 9 |
| 16. | Оливера Пановска | Географија | VIa,б,в 3x1=3<br>VIIa,б,в 3x2=6<br>VIIIa,б,в 3x2=6<br>IXa,б,в 3x2=6 | 21 | 1 | / | 22 |
| 17. | Грозданчо Вчков | Историја и општество (историја и граѓанско образование)<br><br>Историја | VIa,б,в 3x2=6<br>VIIa,б,в 3x2=6<br><br>VIIIa,б,в 3x2=6<br>IXa 1x2=2 | 20 | / | / | 20 |
| 18. | Наставник за итни и неодложни работи | Историја | IXб,в 2x2=4 | 4 | / | / | 4 |
| 19. | Наставник за итни и неодложни работи | Граѓанско образование | VIIIa,б,в 3x1=3<br>IXa,б,в 3x1=3 | 6 | / | / | 6 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Родне Петрушева | Техничко образование и информатика<br><br>Проекти од информатика | VIа,б,в 3x2=6<br>VIIа,б,в 3x2=6<br><br>IX одд. 1гр.x2=2 | 12 | 1 | 6 часа ЕСАРУЕД,<br><br>2 | 21 |
| 21. | Есма Калач | Техничко образование и информатика | Vа,б,в 3x2=6<br>с.Црквино 1x2=2 | 8 | / | / | 8 |
| 22. | Љубиша Стојков | Физичко и здравствено образование | VIIIа,б,в 3x3=9<br>IXа,б,в 3x3=9<br>IIIб 1x3=3 | 21 | / | / | 21 |
| 23. | Снежана Каракачанова | Физичко и здравствено образование | VIа,б,в 3x3=9<br>VIIа,б,в 3x3=9<br>IIа 1x3=3 | 21 | 1 | / | 22 |
| 24. | Златко Стојковски | Физичко и здравствено образование | Iа,б,в 3x3=9<br>IIIв 1x3=3<br>IVб 1x3=3<br>с.Црквино 3x3=9 | 24 | / | / | 24 |
| 25. | Драган Стевановски | Физичко и здравствено образование | IIб,в 2x3=6<br>IIIа 1x3=3<br>IVа,в 2x3=6<br>Vа,б,в 3x3=9 | 24 | / | / | 24 |
| 26. | Далибор Ацевски | Музичко образование<br><br>Проекти од музичка уметност | VIа,б,в 3x1=3<br>VIIа,б,в 3x1=3<br>VIIIа,б,в 3x1=3<br>IXа,б,в 3x1=3<br><br>IX одд. 2гр.x2=4 | 12 | / | 3 часа Училиштен хор,<br><br>3 часа Училиштен оркестар,<br><br>4 | 22 |
| 27. | Илчо Стојановски | Ликовно образование | VIа,б,в 3x1=3<br>VIIа,б,в 3x1=3<br>VIIIа,б,в 3x1=3<br>IXа,б,в 3x1=3 | 12 | 1 | | 21 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | СИП 1 и СИП 2<br>СИП 1 и СИП 2 | VII одд. 2гр.x2=4<br>VIII одд. 2гр.x2=4 | | | 8 | |
| 28. | Валентина Јовева | Граѓанско образование | VIIа,б,в 3x1=3 | 3 | / | / | 3 |
| 29. | Дијана Даскалова | СИП 1 и СИП 2 | VI одд. 2гр.x2=4 | / | / | 4 | 4 |
| 30. | Оливера Стојановска | СИП 1 и СИП 2<br>СИП 1 и СИП 2 | VI одд. 1гр.x2=2<br>VII одд. 1гр.x2=2 | / | / | 4 | 4 |
| 31. | Наставник за итни и неодложни работи | Иновации | IXа,б,в 3x1=3 | 3 | | / | 3 |

**Распоред на часови**

Распоредот на часови за учебната 2025/2026 година ќе се наоѓа во прилог на Годишната програма за работа на училиштето.

***- Работа во смени***

Наставата ќе се реализира во две смени за одделенска настава и тоа, првата смена започнува во 7:30 часот и завршува во 12:30 часот. Втората смена започнува во 13:00 часот и завршува во 18:00 часот. За учениците од шесто до деветто одделение наставата се реализира во една смена која започнува во 7:30 часот и завршува во 12:55 часот.

Во подрачното училиште во с. Црквино наставата ќе се изведува за ученици од прво до петто одделение, во една смена и тоа од 8:00 часот до 13:00 часот.

***- Јазик на кој се изведува наставата***

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 30 | / | **/** | **/** | **/** |
| **Број на ученици** | 578 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 42 | / | / | / | / |

***- Проширена програма***

Преку спроведување на анкета и во согласност со родителите, во училиштето ќе се организира проширена програма за учениците од прво до трето одделение, која опфаќа прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на наставата. Истата ќе ја реализираат одговорни наставници од одделенска настава.

Во рамките на проширената програма е и продолжениот престој кој ќе опфати ученици од прво до петто одделение. Во него учениците ќе учат, ќе ги изработуваат домашните задачи и други училишни обврски, ќе учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, во согласност со годишната програма за работа на училиштето. Истиот ќе се изведува во две училници и нивниот престој во училиштето ќе биде од 7:30 часот до 15:30 часот. Целокупната воспитно-образовна работа во продолжениот престој ќе ја реализира наставник по одделенска настава – Симона Петрушева.

***- Комбинирани паралелки***

Во рамките на ООУ„Св.Кирил и Методиј“ е опфатено и подрачното училиште во с.Црквино. Наставата во ова подрачно училиште ќе се реализира во една некомбинирана и две комбинирани паралелки (I - III, II и IV-V одделение) и истата ја реализираат наставниците: I и III одделение - Василка Малинова II одделение – Сања С.Давчева и IV - V одделение – Џева Мухеремовиќ. Опфатени ќе бидат 25 ученици.

***- Странски јазици кои се изучуваат во училиштето***

Во училиштето прв задолжителен странски јазик ќе биде англискиот, а втор задолжителен странски јазик за учениците од осмо и деветто одделение ќе биде францускиот јазик. Додека пак за учениците од шесто и седмо одделение, францускиот јазик ќе биде втор изборен предмет. Првиот задолжителен јазик - англиски јазик ќе го изучуваат 578 ученицира распоредени во 27 паралелки во централното и 1 некомбинирана и 2 комбинирани паралелки во подрачното училиште во с.Црквино. Додека пак вториот задолжителен француски јазик, ќе го изучуваат 131 ученици од VIII – IX одделение, распоредени во 6 паралелки. 141 ученици од VI и VII одделение, распределени во 6 паралелки, вториот странски јазик ќе го изучуваат како втор задолжителен изборен предмет (согласно новата концепција за основно образование).

***- Реализација на физичко и здравствено образование со ученици од прво до петто одделение***

Наставата по физичко и здравствено образование во оваа учебна година ќе ја реализираат следните наставници:

- прво одделение – одделенски раководители на прво одделение, Златко Стојковски;
- второ одделение – одделенски раководители на второ одделение, Снежана Каракачанова и Драган Стевановски;
- трето одделение – одделенски раководители на трето одделение, Златко Стојковски, Драган Стевановски и Љубиша Стојков;
- четврто одделение – одделенски раквoдители на четврто одделение, Драган Стевановски и Златко Стојковски;
- петто одделние – одделенски раководители на петто одделение и Драган Стевановски.

**- *Изборна настава***

Преку спроведување на анкета и во согласност со родителите, учениците ќе изучуваат изборни предмети кои ќе ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат нивните знаења од одредени подрачја. Спроведувањето на постапката за изборни предмети е според изготвениот интерен акт на училиштето број 02-164 од 2013 година. Од анкетирањето на родителите, изборна настава ќе се изведува по следните предмети во следните одделенија:

- Шах - IV одделение
- Цртање/сликање/вајарство - IV одделение
- Образование за животни вештини - IV одделение
- Прва помош - V одделение
- Математичко-логичко размислување - V одделение
- Класична култура - VI одделение
- Емоционална писменост - VI одделение
- Етика во религиите - VI одделение
- Финансиска писменост - VI одделение
- Извидништво - VII одделение
- Воведување во историјата на ликовната уметност и ликовен јазик - VII одделение и VIII одделение
- Воспитувањето преку параболите, мудрите изреки и приказните - VII одделение и VIII одделение
- Морал и етички вредности - VII одделение и VIII одделение
- Сликање - VIII одделение
- Проекти од музичка уметност - IX одделение
- Проекти од информатика - IX одделение

**- *Дополнителна настава***

Дополнителната настава во училиштето ќе биде организирана за учениците од I до IX одделение. Според новата концепција за деветгодишно образование, дополнителната настава за учениците во I, II, III, IV и V одделение ќе се реализира во рамките на петте задолжителни саати, а ќе биде планирано во неделното планирање на паралелката, во делот на други активности. Во овој вид настава ќе бидат вклучени ученици кои покажуваат слаби резултати во учењето, кои се соочуваат со повремени тешкотии, кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на поедини содржини или имаат слаби оценки од одделни наставни предмети. Оваа настава ќе се реализира по барање на ученикот или родителот и според идентификација на одделенскиот раководител или предметниот наставник. Дополнителната настава ќе биде програмирана и ќе биде дел од глобалното годишно планирање на секој наставник во предметна настава. За потребата од дополнителна настава одделенскиот раководител, односно предметниот наставник ќе води евиденција во образец број 16 (за наставниците кои реализираат настава во осмо и деветто одделение), даден од страна на БРО и во е - дневникот на паралелката. Ќе се изработи распоред за дополнителна настава по предлог на наставниците, со запазување на законските

одредби за неделен фонд на дополнителни часови и истиот ќе биде дел од неделниот распоред на часови, но и истакнат на огласната табла во училиштето.

Програмата за дополнителна настава за оваа учебна година е во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

***- Додатна настава***

Додатната настава ќе се организира за ученици од I до IX одделение, кои покажуваат интерес и поседуваат интелектуални способности за стекнување на продлабочени знаења од одделни предмети и подрачја. Според новата концепција за деветгодишно образование, дополнителната настава за учениците во I, II, III, IV и V одделение ќе се реализира во рамките на петте задолжителни саати, а ќе биде планирано во неделното планирање на паралелката, во делот на други активности. Истата ќе се реализира преку проектни и истражувачки активности, како и преку слободните изборни предмети. Учениците своите знаења и постигнувања ќе ги покажат на училишните, општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари. Додатна настава ќе се организира според интересите и афинитетите на учениците од одредени области. Наставниците кои ќе реализираат додатна настава со ученици, ќе работат според претходно изготвена програма. Реализацијата на додатната настава ќе се евидентира во образец број 17 (за наставниците кои реализираат настава во осмо и деветто одделение), даден од страна на БРО, во е - дневникот на паралелката, но ќе биде и дел од годишниот глобален план на секој наставник. Истиот ќе биде дел од неделниот распоред на часови и истакнат на огласната табла во училиштето.

Програмата за додатната настава за оваа учебна година е во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

***- Работа со надарени и талентирани***

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик. Надарените ученици ќе се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно, ученичко портфолио). Селекцијата на овие деца ќе се врши во соработка со наставникот, родителот на ученикот и стручната служба на училиштето. Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште ќе се реализира преку:

- индивидуализација во наставата со учениците;
- групна настава за учениците со приближно исти способности ;
- додатна настава -проектни активности;
- слободни ученички активности;
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;
- организирање креативни работилници.

Програмата за работа со надарени, талентирани ученици за оваа учебна година е во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

***- Работа со ученици со посебни образовни потреби***

Како и секоја учебна година, со учениците со ПОП ќе се работи по претходно изготвен акционен план, во којшто се вклучени Годишната програма за работа на инклузивниот тим, Процедурата за идентификација на деца со ПОП и изработката на Индивидуален образовен план и Модифицирана програма. Кај секој ученик кај кого што ќе биде детектирана потреба за изработка на ИОП (според проценката од соодветна установа МКФ, ЗМЗ и сл.), ќе се формира ИТУ за грижа за вклученоста и прифатеноста на ученикот, како и изработка на ИОП и Модифицирана програма за индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП. Овие планирања ќе бидат составен дел на планирањата на наставникот. Во учебната 2025/2026 година во училиштето ќе се образуваат и воспитуваат 9 ученика со попреченост кои имаат мислење од системот за проценка на лица со попреченост, за дополнителна образовна поддршка. Според оваа комисија, формирани ќе бидат 9 инклузивни тимови за учениците во кои членуваат одделенските раководители, образовните асистенти, родителите, стручните соработници, логопед, специјални едукатори и рехабилитатори и предметните наставниците по англиски јазик и физичко и здравствено образование. Членовите на тимовите меѓусебно ќе соработуваат за да го следат напредокот и постигањата на учениците.

Во одредени денови во неделата учениците со попреченост ќе престојуваат во ОУРЦ „Маца Ѓорѓиева Овчарова“-Велес и ќе добиваат помош и поддршка од специјалните едукатори и рехабилитатори.

Наставниците континуирано ќе се едуцираат за поадекватна изработка на индивидуализирани програми, како и нивна успешна реализација. За учениците со ПОП Општината организира лични или образовни асистенти. Истовремено континуирано и по потреба ќе соработуваме и ќе бараме помош од институциите и стручните лица.

Програмата за работа со ученици со посебни образовни потреби за оваа учебна година е во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

## 9. Воннаставни активности

**- Училиштни спортски клубови**

Спортувањето влијае добро врз психофизичкото здравје, го развива натпреварувачкиот дух кај учениците, се учат правилата на фер игра, тимската работа, дружење и правилно користење на слободното време. Спортските екипи во мал фудбал, кошарка, одбојка, ракомет и футсал ќе се натпреваруваат на натпревари на различно ниво, во зависност од пласманот, организирани од Федерација на училишен спорт, Агенција за млади и спорт и Сојузот на училишен спорт на Општина Велес. Натпреварите ќе се организираат во текот на целата учебна година од септември до јуни, а за подготвеноста на екипите одговорни ќе бидат наставниците по физичко и здравствено образование. Во училишниот спорт ќе бидат опфатени ученици од I до IX одделение, при што учениците од одделенска настава ќе бидат вклучени во различни спортски активности и манифестации, а учениците од предметна настава во натпреварувачкиот дел.

**- Акции**

Акциите се краткотрајни, воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и по неколку денови. Тие ќе имаат општествен, хуманитарен, еколошки, волонтерски или друг карактер на општествено-корисна работа.

Целите, содржините, бројот на ученици, паралелки и терминот за одржување на акциите ќе бидат објаснети во Програмата за воннаставни активности која е во прилог на Годишната програма на училиштето.

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање и учество служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесувањето одлуки во училиштето што се од непосреден интерес за учениците. Ученичкото организирање ќе се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичките тела се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето одлуки, особено од областа на заштита на правата на децата во рамките на училиштето. Учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент. Заедницата на паралелка ќе ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател. Ученичкиот парламент

ќе го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Од редовите на Ученичкиот парламент ќе се избере претседател на ученичкиот парламент, секретар, два члена кои ќе присуствуваат на седниците на Училишен одбор без право на глас и записничар. Ќе бидат избрани и два члена од ученичкиот парламент кои ќе присуствуваат на состаноците на Наставнички совет и Совет на родители. Во учебната 2025/2026 година од учениците од VII, VIII и IX одделение со тајно гласање ќе се избере Ученички правобранител и негови заменици, чиј  мандат ќе трае две години.

Програмите за работа на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител ќе бидат прилози кон годишната програма за работа на училиштето.

## *11. Вонучилишни активности*

**- *Ученички екскурзии/излети***

Во текот на учебната година ќе бидат организирани екскурзии и излети за учениците. Екскурзиите ќе бидат со наставно-научен и рекреативен карактер, а преку нивната реализација учениците ќе се запознаат со природните убавини на нашата земја, ќе ги прошират своите знаења за културно - историските споменици на нашата земја, развивање на еколошка свест, другарство и почитување. Екскурзиите и излетите ќе бидат организирани во согласност со Правилникот за организирање екскурзии и излети од МОН. За учениците од I, II, IV, V, VII и VIII одделение ќе бидат организирани еднодневни наставно - научни излети, а за учениците од III, VI и IX одделение ќе бидат организирани наставно - научни екскурзии.

Програмата за екскурзии и излети ќе биде прилог на Годишната програма и ќе ги содржи тимот наставници кои ќе ја изработат, дестинациите и целите кои треба де се реализираат преку екскурзиите и излетите.

***- Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности***

Ученици од нашето училиште од одделенска и предметна настава активно членуваат во општински спортски клубови, театарски групи, посетуваат настава во нижото музичко училиште, членуваат во ритмичко - балетски групи и останати клубови и институции кои функционираат во рамките на општината.

Програмата за вонучилишни активности ќе биде прилог на годишната програма за работа на училиштето.

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Учениците од нашето училиште ќе учествуваат на ученичките натпревари кои ќе бидат организирани од страна на општината, градот, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште, тековно од страна на наставниците како ментори. Учеството на натпреварите е според афинитетот и способностите на ученикот. Ученичките натпревари влијаат врз зголемување на интересот на учениците кон слободните активности, придонесуваат да се развива натпреварувачки дух, да се зближуваат учениците од разни средини. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се прошируваат ученичките знаења.

Програмата за натпревари ќе биде прилог на Годишната програма за работа во која ќе бидат наведени натпреварите во кои ќе учествуваат учениците и во кој временски период ќе бидат реализирани.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Проектот за меѓуетничка интеграција се реализира подолг период во нашето училиште, а преку активностите кои се реализираат во рамките на овој проект настојуваме кај учениците да ја подигнеме свеста за соживот, почитување, толеранција со учениците кои припаѓаат на други етнички заедници или зборуваат на јазик на друга етничка заедница. Во оваа учебна година Тимот за меѓуетничка интеграција ќе развие План за работа во кој ќе бидат опфатени активности како пр. еднодневен заеднички излет, спортски натпревари, посета на верски објекти и сл. Активностите ќе се реализираат во нашето училиште, во соработка со учениците и наставниците во ПУ с.Црквино, како и со училиште во кое наставата се изведува на друг наставен јазик освен македонскиот. На тој начин, преку запознавање на учениците, очекуваме намалување на предрасудите и стереотипите кон припадниците на различни етникуми.

## *14. Проекти што се реализираат во училиштето*

| Име на проектот | Одделение | Име на проектот | Одделение |
|---|---|---|---|
| **Активна настава - интерактивно учење** | II – IX | Креативна настава и учење | I – IX |
| **Инклузија на деца со посебни потреби** | I – IX | Безбедни училишта – хармонична средина | I – IX |
| **Унапредување на оценувањето** | VI – IX | Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем | I – IX |
| **Приод кон визуелно размислување** | II – III | Зелен пакет - јуниор, алатки | I – V |
| **Математика со размислување** | I – V | Проект за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието | I – IX |
| **Популаризација на театарот во училиштата** | I – IX | Јазична писменост | I – V |
| **Со читање до лидерство** | I – III | | |

## 15. Поддршка на учениците

### - Постигнувања на учениците

Постигнувањата на трајни, квалитетни и применливи знаења е нашата цел. Затоа истите континуирано ќе се следат, анализираат и ќе се промовираат преку различни јавни активности.

Средниот успех на учениците од IV до IX одделение во последните три учебни години (2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година) незначително се намалува и се движи од 4,27 до 4,18. Податоците не упатуваат на тоа дека е застапено објективното и доследното оценување на учениците кое се одвива според стандардите и критериумите за оценување и усогласување на потребите на наставниците и учениците при оценувањето на нивните постигања и знаења.

И во оваа учебна година постигањата на учениците ќе се следат и вреднуваат по класификациони периоди. Навремено ќе се преземаат мерки за подобрување и редовно ќе се одржува и следи дополнителната и додатната настава. Ќе се организираат чести средби со родителите за информирање на напредокот на нивните деца и ќе се разговара за можностите за подобрување на успехот и ќе се водат индивидуални разговори помеѓу ученикот, наставникот и стручниот соработник. За вреднување и следење на постигањата на учениците ќе се применуваат содветни инструменти, ќе се организираат училишни натпревари во кои до израз ќе дојдат способностите и знаењата на учениците, а учениците јавно ќе бидат пофалени и наградувани. Промоцијата на постигањата и трудовите на учениците во редовната настава и воннаставните активности ќе се врши преку локалните медиуми, родителските средби, пригодни програми и слично.

### - Професионална ориентација на учениците

Со учениците од осмо и деветто одделение ќе се реализира програма за професионална ориентација преку која на учениците од завршното одделение ќе им помогнеме полесно да донесат одлука за идната професија. Професионалната ориентација на учениците се одвива според програма во која се планирани повеќе подрачја: самоспознавање, професионално информирање, реални средби и фаза на донесување одлука. Програмирани се повеќе активности кои ќе им ги прошират знаењата на учениците околу тоа какви способности, интереси, телесна конституција, црти на личност се потребни за успешно извршување на работните обврски во рамките на одредено занимање. На учениците ќе им биде претставен Конкурсот за упис во средни училишта за учебната 2025/2026 година. На повеќе работилници ќе се испитуваат способностите и интересите на учениците со соодветни инструменти, средните училишта од општината и пошироко ќе ги презентираат своите образовни профили и струки пред родителите и учениците, ќе се посетат отворените денови на училиштата и учениците непосредно ќе се запознаат со понудата на истите. Учениците според нивните интереси ќе посетат повеќе институции и производствени капацитети и преку директен контакт со вработените ќе се запознаат со карактеристиките на одредени занимања.

Програмата за професионална ориентација на учениците со планираните активности е прилог на Годишната програма за работа.

***- Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштеност, спречување дискриминација***

Преку програмата за добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштеност, спречување и дискриминација вработените во нашето училиште ќе вршат заложба да им обезбедиме на учениците безбедна и сигурна средина во училиштето. Училиштето ќе реагира до соодветните институции доколку идентификува ученици кои се запуштени од семејството или злоупотребувани на било каков начин. За учениците Роми кои потекнуваат од семејства со низок социјален статус ќе направиме напори да обезбедиме образовни медијатори со цел да ги подобриме нивните постигања и редовно посетување на наставата. Преку целата учебна година ќе реализираме активности за да ги проширувaме знаењата на учениците за насилството и како да ги разрешуваме конфликтите на конструктивен начин. Превентивни програми ќе се реализираат и за злоупотреба на алкохол, цигари и наркотични средства, запуштеност и спречување на дискриминација. Ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе реализираат работилници од областа трговија со деца. Ќе се реализираат и работилници во рамките на програмата за ментално здравје.

Целта на активностите е да се обезбеди почитување на личноста, интерактивен однос исполнет со меѓусебна доверба и толеранција, еднаков третман во однесувањето кон сите ученици без разлика на пол, етничка припадност и социјално потекло. Програмата за промоцијата на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација со планираните активности ќе биде прилог на Годишната програма за работа на училиштето.

## *16. Оценување*

***- Видови на оценување и календар на оценување***

Оценувањето на постигнувањата на учениците во текот на учебната година се врши со примена на разновидни форми, методи и инструменти за континуирано следење и вреднување на постигањата. Во училиштето оценувањето е објективно. Секој ученик се оценува врз основа на систематско следење на неговите постигања, преку различни облици и постапки за испитување на знаењето. Наставниците ги запознаваат учениците и родителите со критериумите за оценување и овозможуваат увид во истото. Тоа се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано.

Во првиот период (I-III одд.), постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно.

Во вториот период (IV-VI одд.), постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано (на крај од првото полугодие и на крај на учебната година добиваат свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Во третиот период (VII-IX одд.), постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат со бројчани оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во е-дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните тематски и процесни планирања. Наставниците на ниво на стручен актив градат усогласени критериуми за оценување на ученичките постигнувања, но оценувањето исто така се врши според критериуми и стандарди кои ги утврдува Министерот на предлог на БРО.

Комисијата за повторна проверка на знаењата на учениците и испитната комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување ќе бидат составени во согласност со Законот за основно образование.

***- Тим за следење, анализа и поддршка***

Во училиштето постои Тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето, како и усогласеност на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето ќе се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, ќе се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручните соработници ќе изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификациски периоди. Со цел постигнување објективност во оценувањето, наставниците континуирано ќе даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За таа цел наставниците ќе изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест-задачи за што интерно се обучени. Формативното и сумативното оценување ќе се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата, како и тимска работа.

***- Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар***

Во текот на годината, два пати, директорот и стручните соработници ќе вршат стручни посети на наставните часови и воннаставните активности, се со цел да го вреднува квалитетот на работата на наставниците. За оваа посета тие ќе користат инструменти – евидентни листи за следење на часот, а преку инструктивни разговори со наставникот ќе прават рефлексија на истиот.

Планот за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар со определени инструменти и временска рамка за посета на наставните часови и воннаставните активности во училиштето ќе биде во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

***- Самоевалвација на училиштето***

Согласно законската регулатива училиштето има изготвено Извештај од самоевалуација за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година. и Програма за развој за периодот 2025-2029 година. Програмата за развој се темели на Извештајот од самоевалуацијата со предлог за

подобрување на севкупното работење на училиштето. Преку самоевалуацијата добиваме конкретна слика за слабите и јаките страни на училиштето од кои произлегуваат приоритети кои се планираат и реализираат во наредниот период. Заедничка заложба на вработените е да се надминат слабите страни и да прераснат во јаки. Континуирано во текот на учебната година во училиштето ќе се следат постигањата и оценувањето на учениците.

## 17. Безбедност во училиштето

Вработените во нашето училиште континуирано во текот на целата учебна година ќе водат грижа за безбедноста на учениците затоа што сметаат дека детето кое се чувствува безбедно и кое училиштето го доживува како втор дом може да учи. Во училиштето е поставен 24 часовен видео-надзор во училишните ходници и дворот. Низ училиштето се поставени 9 противпожарни апарати со упатство за ракување. Влезната врата во училиштето ќе се заклучува и лицата кои го посетуваат училиштето ќе се идентификуваат од дежурните ученици. Наставниот кадар секојдневно преку редовни дежурства по ходниците, влезната врата и училишниот двор ќе се грижи за безбедноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето.

Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди;
- Кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и останати вработени во училиштето и Куќен ред;
- Распоред на дежурства на наставниците истакнат на видно место.

## 18. Грижа за здравјето

**- *Хигиена во училиштето***

На почетокот на учебната година ќе се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории, а по потреба во случај на епидемија, постапките можат и да се повторат. За хигиената во училиштето во текот на учебната година редовно ќе се грижат сите што престојуваат во него. Наставниците ќе се залагаат кај учениците да развијат хигиенски навики во однос на личната и колективната хигиена, учениците ќе ја одржуваат работната средина чиста. Ходниците, тоалетите и училниците ќе се чистат два пати во денот, како и училишниот мебел. Генерално чистење на училиштето ќе се врши за време на зимскиот и летниот распуст, а задолжените за хигиена во училиштето секојдневно во текот на годината со употреба на дезинфициенси ќе го одржуваат училиштето чисто, со цел спречување заразни и други болести. Во текот на учебната година по повод значајни датуми поврзани со екологијата и еко акции организирани од локалната средина ќе се спроведуваат акции за чистење и оплеменување со цвеќе на училиштето и училишниот двор.

**- *Систематски прегледи***

Систематските прегледи на учениците се класичен скрининг преку кој се идентификува здравствената состојба на учениците и состојбата на забите и усната празнина. Преку систематските прегледи ќе се следи физичкиот и психосоцијалниот развој на децата, ќе се детектираат здравствените проблеми и ќе се врши навремен третман, а учениците ќе се едуцираат за усвојување на здрави животни навики. Систематските прегледи ќе бидат организирани во согласност со динамиката предложена од Здравниот дом во Велес. Ќе биде направен распоред според кој на учениците од одредена паралелка ќе им биде одреден термин за систематски преглед. Систематските прегледи ќе се реализираат пред или после одржувањето на часовите со што ќе обезбедиме непречено реализирање на наставата. Учениците ќе бидат придружувани од одделенскиот/раководителот на паралелката. Задолжителните систематски прегледи се вршат во III, V и VII одделение.

ЈЗУ „Здравствен дом“ Велес, реализира активности според акцискиот план од „Националната стратегија за орално здравје на деца од 0 до 14 години, а програмата ја извршуваат тимовите на превентивна стоматологија. Активностите се состојат во систематски прегледи на забите, залевање и разлевање на заби и предавања за хигиена на оралната празнина и здрава храна за заштита на забите. Планот за систематски прегледи ќе биде прилог на Годишната програма за работа.

**- *Вакцинирање***

Редовно вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одделение ќе се врши според Програмата за имунизација на Министерството за здравство, а родителите ќе бидат навремено известени.

**- *Едукација за здрава исхрана, оброк во училиштата***

Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Содржини на оваа тема се реализирааат и во рамките на дел од задолжителните предмети, изборните предмети (Вештини за живеење) и во програмата „Образование за животни вештини. Училиштето ќе понуди организирана исхрана за учениците направена според потребните калории според возраста на учениците. За учениците кои ќе бидат вклучени во продолжениот престој ќе биде обезбеден топол оброк, а за останатите ученици ужина од најповолен добавувач. Ќе бидат реализирани работилници за здрава храна со учениците од одделенска и предметна настава.

## *19. Училишна клима*

**- *Дисциплина***

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е дисциплината на сите вклучени субјекти во воспитно-образовниот процес.

Учениците ќе се запознаат со правилата и должностите на однесувањето дадени во Куќниот ред на училиштето. Училишната дициплина ќе се одржува преку изготвување на план за подобрување на истата, изготвување на распоред на дежурни наставници и технички персонал (во ходници, училници, санитарни јазли, училишен двор). Педагошките мерки кои ќе се изрекуваат на учениците заради повреди на куќниот ред ќе биде според Правилникот за поведението на учениците.

Ќе се определат дежурни ученици од VIII и IX одделение на влезната врата на училиштето кои ќе водат евиденција на сите лица кои влегуваат и излегуваат во и од училиштето. За целокупната дисциплина во училиштето ќе се води писмена документација за тековните збиднувања во училиштето.

Во текот на учебната година за учениците ќе се организираат и реализираат активности според програмата за превенција од врсничко насилство.

Училиштето се отвара и започнува со работа во 6:00 часот наутро, а се затвора во 20:00 часот.

**- *Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***

Во текот на целата учебна година учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето ќе водат грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето и опкружувањето. Тоа ќе се остварува преку уредување и одржување на

училниците и кабинетите, катчињата со ученички изработки во училниците и училишните ходници, уредување на училишниот двор и останатите простории во училиштето.

Во сите активности ќе бидат вклучени сите ученици без разлика на нивната етничка и национална припадност.

**- *Етички кодекс***

Училиштето има изработено етички кодекс на однесување за ученици, наставници, родители и останати вработени во училиштето. Тие се поставени на повеќе места во училишните ходници и на огласната табла и истите треба да се почитуваат од страна на сите чинители на воспитно-образовниот процес.

**- *Односи меѓу сите структури***

Ќе настојуваме во училиштето да остваруваме континуирана конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички Парламент, стручни активи).Таа комуникација ќе се засновува на вистински вредности и принципи, кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Раководниот тим на училиштето преку континуирана соработка и состаноци со сите структури (Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи)  ќе врши размена на идеи, искуства и начини за унапредување на работата на училиштето.

Односите со другите структури (родители, ученици) ќе продолжиме да ги развиваме преку почитување на одредбите во Законот за основно образование и интерните правилници, редовно информирање на родителите за постигањата и поведението на учениците, организирање на настава за учениците кои со потешкотии ги совладуваат наставните содржини и надарените ученици, ќе го унапредуваме здравјето на учениците преку редовни систематски прегледи, предавања, работилници и сл. Стручната служба ќе работи со родителите и учениците кои потешко напредуваат и се адаптираат во училишната средина, надминување на емоционални проблеми и др., согласно индивидуалните потреби. Преку редовни анализи на успехот и поведението на учениците ќе ги идентификуваме евентуалните потешкотии и ќе работиме на нивно отстранување и подобрување на состојбите.

## *20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

***- Детектирање на потребите и приоритетите***

Врз основа на самоевалуацијата во училиштето, новините и насоките дадени од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, општината како и индивидуалните потреби за развивање на стручните компетенции на наставниците, се утврдуваат и планираат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби на наставниците. Тие се во согласност со потребите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето и се дадени во нивните лични планови за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи. Планот и програмите се дел од Годишната програма како прилог.

***- Активности за професионален развој***

На почетокот на учебната година ќе се изготви Програма за професионален развој во која ќе се планираат активности преку кои наставниот кадар ќе стекнува сознанија за подобрување на стручните компетенции. Професионалниот развој ќе се одвива преку семинари, обуки, работилници на различни теми иницирани од наставниците заради развивање на стручни компетенции и дисеминации од посетени обуки, реализација на нагледни часови, обработка на стручни теми и др.

***- Личен професионален развој***

Наставниот кадар на почетокот на учебната година ќе изработи план за личен професионален развој кој ќе опфати идентификување на сегментите од работата за кои наставникот смета дека добро ги работи, како и аспектите од работата кои сака да ги унапреди. Во текот на учебната година наставниот кадар ќе се мотивира да учествува на семинари, научни собири и средби од регионален или државен карактер на кои ќе се стекнуваат со знаења и сертификати. Исто така ќе се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку организирање на отворени часови и работилници, планирани во програмите на стручните активи.

***- Хоризонтално учење***

Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се одвива и преку хоризонтално учење, односно наставниците учат едни од други. Хоризонталното учење подразбира различни видови организирано пренесување на знаење и размена на професионално искуство внатре во учил;штето или помеѓу училиштата. Хоризонталното учење ќе се одвива преку размена на искуства на состаноци на стручен актив, посета на нагледни часови, реализација на училишни проекти, менторство на наставник приправник и др. форми. Во оваа учебна година ќе се реализираат отворени интегрирани часови со вклучување на учениците во изборот на содржини, планирање и реализирање на часовите, со цел стекнување на трајни и применливи знаења. На овој начин се подобрува и комуникацијата меѓу наставниците, се зголемува соработката и почитувањето, се развива конструктивното решавање на проблемски ситуации и друго.

***- Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар***

Брзите промени во општеството, науката и економијата бараат од воспитно–образовниот систем брзо ажурирање на знаењата и вештините за соочување со предизвиците на 21 век. Успехот на индивидуите, групите, организациите, се повеќе зависи од перманентното усовршување на наставниците. Предуслови за градење на професионалниот развој се: мотивација, способност за понатамошно учење и пристап до нови знаења. Организацијата која тежнее кон успех треба на своите членови да им обезбеди услови за континуирано учење и развој, односно, услови за доживотно учење и поддршка на индивидуите кои сакаат да учат. Наставниците преземаат улога на фацилитатори и модератори на наставниот процес. Истите треба да ги подготват учениците за работа во современо, динамично време во кое услов за економски успех и социјална кохезија е токму способноста за перманентно усовршување.

Професионалниот развој ги содржи сите фази на кариерата, од почетник приправник до искусен наставник. Стручното усовршување е планиран процес кој се одвива преку разни видови  формално и неформално учење. Него го сочинуваат различни стручни собири, конференции, семинари и работилници.

Целите на програмата за професионално усовршување на наставниот кадар се:

- Преземање одговорност за сопственото учење, учење преку соработка со други и стекнување навики за доживотно учење;
- Подобрување на стручните компетенции на наставниот кадар, стекнување вештини за креирање на воспитно-образовен процес кој овозможува учениците активно да мислат, учествуваат, критички размислуваат.

Програмата за кариерен и професионален развој на наставниот кадар ќе биде прилог на годишната програма за работа на училиштето.

## 21. Соработка на училиштето со родителите/старателите

**- Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето**

Советот на родители ќе функционира континуирано во текот на целата учебна година. Родителите на нашите ученици ќе имаат можност преку своите претставници во Советот на родители и Училишниот одбор да влијаат врз работата и начинот на кој училиштето функционира. Претставниците на родителите на Совет на родители имаат можност да ги информираат родителите за активностите кои се планирани во училиштето и повратно да ги пренесат нивните идеи за поуспешна реализација на екскурзии и излети, спортски манифестации, предавања од стручни лица и др. На состаноците на Совет на родители се информираат за пристигнатите понуди и учествуваат во изборот на најповолен понудувач за осигурителна компанија, храна на учениците, превозник за екскурзии и излети и др. Го почитуваме мислењето на родителите, нивните идеи и сугестиии активно ги вклучуваме во активностите кои се организираат и реализираат во нашето училиште во текот на целата учебна година. Распоредот за прием на родителите во училиштето ќе се изработи на почетокот на учебната година, во согласност со распоредот на часови. Програмата за Совет на родители ќе биде во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

**- Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности**

Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење преку нивното запознавање со наставните планови и програми на почетокот на учебната година и посочување на линкови до истите, а за наставниот процес ќе бидат информирани Советот на родители, на групни и индивидуални средби, е-дневник и др. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата, уредување на училниците и ходниците.

Родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки, повеќе од десет неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување, согласно законот, ќе се покануваат на советување кое што го води психологот на училиштето. Родителите земаат активно учество во сите проектни активности кои се реализираат во училиштето, учествуваат во организацијата на разновидни средби, прослави, натпревари, работилници, предавања, хепенинзи,екскурзии и други манифестации.

**- Едукација на родителите/старателите**

Секојдневното искуство ни покажува дека вклученоста на родителите во училишниот живот позитивно влијае врз успехот на учениците, нивната побрза адаптација и социјализација. Едукацијата на родителите ќе се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето ќе се реализира Програма за советување на родители со која ќе се советуваат и едуцираат, како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

**- *Локална заедница*** *(локална самоуправа, бизнис заедница, местно население)*

Училиштето континуирано ќе соработува со локалната средина во сите планирани активности и ќе ги стави во педагошка функција сите расположливи капацитети со кои располага општината. Учениците и наставниците ќе земат активно учество во новогодишен и велигденски базар, априлијада и др. манифестации во организација на општината.

На учениците ќе им се организираат посети на театарски претстави во народниот театар „Јордан Х .К. Џинот“, народниот музеј, градската библиотека „Гоце Делчев“, историски објекти и локалитети, ликовниот салон и други институции од областа на културата во градот. Учениците активно ќе учествуваат на сите литературни и ликовни конкурси објавени во пошироката средина. Ќе продолжи соработката со ЈУМ Центар за социјална работа, МВР – Велес и други институции од локалната заедница.

***- Институции од областа на образованието***

Соработката со институциите од областа на образованието ќе се одвива преку различни активности организирани од основните и средните училишта. Активностите ќе бидат во вид на настани, камп за иновации, работилници по различни поводи, посети на отворените денови на средните училишта во градот, посета на професори од средните училишта кои пред учениците од завршното одделение ќе ги презентираат образовните струки и профили на нивните училишта, квизови на знаења, маршеви, спортски натпревари и сл. Преку спортски штафетни игри и креативни работилници ќе ја продолжиме традиционалната соработка со ОУЈДГ „Димче Мирчев“ – Велес. Ќе продолжи Соработката со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот и општинскиот инспекторат, како и со Бирото за развој на образованието.

***- Невладини организации***

Училиштето во текот на учебната година ќе соработува и ќе се вклучува во заеднички проекти со невладини организации од градот и пошироко. Учениците од Клубот на волонтерите ќе учествуваат во заеднички настани со корисниците на Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености. Ќе продолжи плодната соработка со ОО Црвен Крст на Велес, со извидничкиот одред „Димитар Влахов“ и др. Се очекува учесниците да се стекнат со знаења, доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност и самодисциплина), а при тоа ќе се водиме од начелото дека учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование.

***- Спортски друштва***

Училиштето ќе соработува со спортски друштва и ќе организира спортски натпревари и активности во соработка со другите основни и средни училишта од градот и пошироко. Исто така, ќе организира натпревари во соработка со Федерацијата за училишен спорт на Македонија, Сојузот на училишен спорт на Велес, Агенцијата за млади и спорт и слично. Младите спортисти ќе земат учество на

локалните, градските и државните натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата, а ќе се подобрува и здравјето кај истите. За успешна релизација на училишниот спорт училиштето редовно ќе соработува со фудбалски, ракометни, кошаркарски и други друштва, кои се од локален карактер и пошироко.

***- Здравствени организации***

Преку соработка со сите здравствени организации од градот и пошироко: Медицински центар - Велес (за систематски преглед, вакцини и ревакцини), Хигиенски завод, Центар за социјални грижи, Центарот за ментално здравје и други организации, ќе обезбедиме континуирана грижа за здравјето на учениците и вработените во училиштето. Активностите ќе бидат планирани во посебна програма која ќе биде дел од Годишната програма за работа на училиштето.

***- Медиуми***

Сите активности кои се реализираат во нашето училиште преку кои ја презентираме нашата воспитно-образовна работа, навремено ќе бидат медиумски покриени, и тоа најчесто преку известувања на официјалната веб страна на училиштето, блог спот на училиштето, социјалната мрежа фејсбук, локалните и државните медиуми и др.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на училиштето

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни лица | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Изготвување и следење на реализација на Годишна програма, Годишен извештај и Самоевалуација на училиштето** | состаноци, консултации, анализи на реализација<br><br>ноември 2025 година<br>јануари, април, јуни, август 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |
| **Следење на реализацијата на акциските планови** | извештаи од реализираните активности<br><br>октомври 2025 - мај 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |
| **Следење на работата на стручните органи** | записници, анализи, извештаи<br><br>ноември 2025 година<br>јануари, април, јуни, август 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |
| **Евалуација на програмите за вонаставни активности** | консултации, разговори, извештаи<br><br>декември 2025 година и јуни 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |
| **Увиди во водење на педагошка евиденција и документација** | прегледување на педагошка евиденција и документација<br><br>септември, ноември 2025 година<br>јануари, април, јуни, август 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |
| **Следење на реализација на наставните часови** | посета на час, разговор, увид во дневни подготовки<br><br>октомври, ноември, декември 202 5година<br>февруари, март, април, мај 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |
| **Анализа на постигнатиот општ успех** | Статистички анализи за постигнатиот успех на учениците<br><br>ноември 2023 година<br>јануари, април, јуни, август 2026 година | директор, педагог, психолог | директор |

## 4. Евалвација на годишната програма за работа на училиштето

Евалвацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се спроведува преку организирање на состаноци, консултации со директорот, стручната служба, наставниците, стручниот тим, но и ќе се врши анализа на реализацијата на активностите. Следењето на реализацијата на акциските планови ќе се спроведува преку извештаи од реализираните активности, работата на стручните органи ќе се следи преку анализи и дискусии по извештаи од стручните активи, а програмите за воннаставни активности ќе се следат преку консултации, разговори и извештаи со директорот, стручната служба и наставниците. Увидот во педагошката евиденција и документација ќе се спроведува преку прегледување на истата, реализацијата на наставните часови преку посета на час, разговор со наставниците и увид во дневните подготовки, а додека пак анализата на постигнатиот општ успех на учениците ќе се спроведува преку статистичките анализи на постигнатиот успех на учениците.

Инструментите кои ќе се применуваат при евалвацијата се: анализи, записници, статистички и текстуални извештаи, педагошка евиденција, чек листа, евидентни листи, статистички прегледи и формулари.

Критериум на успех за реализација на активностите ќе биде успешна реализација на истите, квалитетна реализација на задачите, високи резултати, афирмација, запазување на законитостите во работата, осовременување на наставата и подобрување на постигањата на учениците.

## 25. Заклучок

Со Годишната програма за работа на училиштето се планира обемот и распоредот на активности што произлегуваат од наставниот план и наставните програми по одредени наставни предмети и одделенија според кои ќе се реализира наставата и воннаставните активности. Истите ги подготвува Бирото за развој на образованието, а ги одобрува Министерството за образование и наука. Годишната програма за работа на училиштето се подготвува во форма на едногодишен развоен документ чија цел е реализација на образовно воспитните цели на училиштето за една учебна година. Овој суштински документ ефикасно ќе не води при реализација на планираните глобални активности, при ефикасно следење на сите реализатори на воспитно-образовниот процес, како и при изборот на форми и начини на работа коишто пред се се условени од материјално-техничките, кадровските услови, финансиските и другите услови во кои егзистира училиштето.

Активностите планирани во годишната програма за работа и програмските прилози ќе се реализираат според предвидени содржини и определена динамика за реализација. Преку реализацијата на планираните активности ќе ги следиме современите трендови во современиот процес со цел учениците да стекнат трајни и применливи знаења и да ги подготвиме за процесот на доживотно учење. За учениците кои покажуваат несоодветни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот), стручните соработници ќе реализираат индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители, ќе се изготват акциски планови и програми за работа, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците.

Целта на нашето училиште е секоја година да ги подобруваме и модернизираме условите за воспитно- образовната работа, со цел ученикот да усвои знаења, да ги развива способностите и вештините потребни за продолжување на школувањето и да ги продлабочи и прошири знаењата во функција на нивна практична примена, односно да се оспособи да го примени стекнатото знаење во разни области. Ќе настојуваме континуирано да го усовршуваме наставниот кадар за квалитетно реализирање на планираните активности, да го унапредуваме квалитетот на наставата и постигањата на учениците и да го отвораме училиштето кон локалната средина и кон разни институции и организации.

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно ќе се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред. Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Преку Годишната програма ќе ги реализираме целите и задачите на воспитанието и образованието зацртани во Законот за основно образование. Во текот на учебната година, годишната програма за работа на училиштето може да претрпи измени, во согласност со промените и случувањата.

## *26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на училиштето*

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година ја изработи комисија во состав на:

1. Маја Јовановска- директор
2. Искра Крстева - педагог
3. Соња Ристовска - психолог
4. Панче Бочваров - одделенски наставник
5. Сања Ников - одделенски наставник
6. Емилија Темелковска - предметен наставник
7. Претставник од ученички парламент

## 27. Користена литература

При изготвувањето на годишната програма за работа на ООУ„Св.Кирил и Методиј“ Велес се користеше следново:

- Закон за основно образование
- Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа
- Годишен извештај од учебната 2024/2025 година
- Извештај од самоевалвација на училиштето
- Развојна програма за периодот 2025-2029 година
- Статут на училиштето
- Правилници по различна основа
- Концепција за воннаставни активности
- Водич за ученичко организирање и учество во основно училиште
- Правилник за реализирање на екскурзии во основното образование

**Прилози на Годишната програма за работа на училиштето**

- Годишна програма за работа на: директор, педагог, психолог, училишен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.
- Распоред на часови
- Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- Програми за воннаставни активности
- Програма за додатна настава
- Програма за дополнителна настава
- Програми за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција
- Проекти што се реализираат во училиштето
- План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
- План за професионална ориентација на ученици
- План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштување, спречување на дискриминација
- План за следење и анализа на состојбите во оценувањето
- План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
- Програма за самоевалвација на училиштето
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Распоред на дежурни наставници
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
- Програма за професинален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
- Програма за соработка на училиштето со родителите/старателите
- Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- Програма за грижа за здравјето на учениците
- Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на училиштето

Директор

______________________________

Маја Јовановска

9, јули 2025 г.
Велес

М.П.

Претседател на Училиштен одбор

______________________________

Грозданчо Сутинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 02-454/7
9.7.2025 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„Св. Кирил и Методиј"
Велес

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование ( Сл. Весник на РСМ бр.161/2019,229/20 и 3/25), Училишниот одбор на седницата одржана на ден 9.7.2025 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

Член 1

Училишниот одбор на одржаната седница ја разгледа Годишната програма за за работа на ООУ„Св.Кирил и Методиј"Велес за учебната 2025/26 година и истата ја предлага до Советот на Општина Велес за нејзино усвојување.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишен одбор
на ООУ„Св.Кирил и Методиј"Велес

-----------------------------------------
Грозданчо Сутинов

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ВЕЛЕС

Тел. 043 233 676 e-mail:ooukimveles@gmail.com Ул. „Архиепископ Михаил" бр. 156 Велес